11-32/5

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11-32/4
03-06-2024 20
Скопје

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

ПРЕДМЕТ : Мислење по нов текст на Предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр. 11-32/4 од 27.05.2024 година со кое е доставена нов текст на Предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи во кој се вградени измени односно усогласување со Мислењето на ДКСК со бр.11-32/2 од 30.04.2024 година, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на споменатиот предлог-закон од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го дава, следното

М И С Л Е Њ Е

Државната комисија за спречување на корупцијата од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019) по разгледување на усогласениот текст од горенаведениот Предлог Закон со Мислењето на ДКСК, смета дека:

- Во член 16 став (1) алинеја 4, каде е наведено дека лицето за прием на пријави од укажувачи треба да поседува сертификат односно посебно овластување, не е разграничено во кои случаи треба лицата да добијат

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

безбедносен сертификат, а во кои случаи посебно овластување. Вака формулираната одредба остава простор за различно толкување и примена од страна на институциите кои ќе овластуваат лица за заштитено пријавување. Неопходно е допрецизирање на одредбата со наведување во кој случај треба да се поседува безбедносен сертификат, а во кој случај посебно овластување.

Како предлог за разграничување со цел да биде јасно дефинирано и да не остава простор за различно применување во пракса на ваквото законксо решение од страна на институциите сметаме дека законодавецот треба да предвиди дека доколку лицето не добие безбедносен сертификат од надлежен орган, односно одДирекцијата за безбедност на класифицирани информации, поради тоа што институцијата не располага со доверливи или друг степен на класифицирани податоци, само во таков случај да биде прифатливо посебно овластување.

- Во член 27 став (6) предвидено е  дека воспоставувањето, формата и начинот на остварувањето на соработката во рамки на мрежата од ставот (5) на овој член, се уредуваат со правилник  кој го донесува Државната комисија за спречување на корупцијата. Со првобитното мислење, ДКСК наведе дека е потребно да се допрецизира каков акт треба овој орган да донесе.

Од аспект на тоа дали актот, во овој случај правилник, ќе претставува подзаконски акт, а во консултација со законските прописи за објавување на акти во "Службен весник на Република Северна Македонија" и согласно со номотехничките правила предлагаме:

- зборот "правилник" да се замени со зборовите "подзаконски акт", или
- зборовите "се уредуваат" да се заменат со зборовите "ги пропишува".

Претседател,
Татјана Димитровска

Изработил: А.С
Контролирал: Б.В.Б
Одобрил: М.К
Согласен: И.П